**З А П И С Н И К**
**од Сто и четвртата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 20.11.2018 година**

**Скопје, декември 2018 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто и четвртата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 20.11.2018 година**

Седницата започна во 13:00 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, како и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, д-р Арбер Адеми, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, д-р Венко Филипче, министер за здравство, Асаф Адеми, министер за култура, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Аксел Ахмедовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и д-р Бардуљ Даути, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, како и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација и м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, Муамет Хоџа, портпарол на Владата на Република Македонија и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија.

Од седницата отсуствуваа, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, Љупчо Николовски,

министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Садула Дураку, министер за животна средина и просторно планирање, д-р Рената Дескоска, министер за правда, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација и м-р Крешник Бектеши, министер за економија.

*
*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

- Усвојување на Записникот од 101-та седница на Владата, одржана на 6.11.2018 година

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) гости**

1. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на Регистарот на прописи на Република Македонија за 2019 година

2. Предлог-одлука за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Македонија“ за 2019 година

3. Информација во врска со Одлуката за усвојување на измената на Финансискиот план на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2018 година, донесен од Одборот на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје бр.02-12107/2 од 18.10.2018 година

4. Информација за изградба на Дом на спортови

5. Информација за отварање на регионална канцеларија на EASA за Балканот во Скопје во просториите на Агенцијата за цивилно воздухопловство

6. Предлог-одлуки за давање согласност на решенијата за отстапување на одземени предмети со правосилини одлуки на Министерство за труд и социјална политика (4) и Предлог-одлука за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас - Битола

7. Информација за потребата за воспоставување на национален склад за радиоактивен отпад

8. Предлог-уредба за знаците за тревожење, начинот и процедурите за тревожење и постапките на населението

9. Информација за потребата од зголемување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија, со Предлог-одлука

10. Предлог-одлука за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.бр.03-205/18)

**б) економски систем и тековна економска политика**

11. Предлог- закон за фитофармација

12. Информација за продажба на недвижна ствар во Прилеп, сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука

13. Информација за потребата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за избор на независна ревизорска куќа, за потребите на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 - делница Куманово - Бељаковце“, финансиран по пат на заем од Европската банка за обнова и развој

14. Информација за потреба од доставување на апликации за обезбедување на техничка помош - грант средства од Акцискиот програм CONNECTA за проектите: „Изработка на стратегија за Интелигентен транспортен систем“ и „Техничка помош за формирање на извршно тело за безбедност во сообраќајот на патиштата“

15. Информација за потребата од доставување на апликација за инвестициски грант за изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“ помеѓу Република Македонија и Република Србија

16. Информација во врска со можноста за пропишување на обврската од европскиот стандард МКС EN 16194:2012 кој ги одредува минималните стандарди и барања за квалитет на кабини и санитарни производи согласно членот 20 од Законот за безбедност на производите, по претходно извршена анализа на постојните законски прописи во однос на третирањето и исфрлањето на фекалниот отпад од мобилните тоалетни кабини

17. Информација за одобрување на тендерските документации за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовни ревири, рекреативни зони и за вршење стопански риболов на риболовни подрачја, со нови тендерски документации

18. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Никуштак, Општина Липково, со Предлог-одлука

19. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на

објекти со намена Б5 - хотелски комплекс КО Сливница, Општина Ресен, со Предлог-одлука

20. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на регионален пат Р2-138 врска со регионален пат Р2-134 со населба Сончев Град, со Предлог-одлука

21. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Зубовце, Општина Врапчиште, со Предлог-одлука

22. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ на река Жаба со реф.бр.254 и приклучок до дистрибутивна мрежа КО Долно Дивјаци, Општина Крушево, со Предлог-одлука

23. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотоволтаична централа Витач 1 и електричен вод за приклучок КО Бошава, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука

24. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотонапонска соларна централа КО Раклиш вон гр., Општина Радовиш, со Предлог-одлука

25. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс со основна класа на намена Г1-тешка индустија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука

26. Информација за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Пакошево, Општина Зелениково, со Предлог-одлука

27. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица КО Виштица - вон г.р., Општина Липково, со Предлог-одлука

**в) политички систем**

28. Предлог-закон за изменување и дополнување на Кривичниот законик

29. Предлог за поведување постапка за водење преговори за склучување на Протокол помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе, со Нацрт-текст на Протокол

30. Информација за извршена анализа на внатрешните процеси, функциите и човечките ресурси за стратешко планирање во министерствата и другите органи на државната управа

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

31. Предлог-закон за изменување на Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, по скратена постапка

32. Информација за давање одобрение на Министерството за здравство за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за оформување на хибридна мултифункционална операциона сала со изведување на потребните градежни работи и набавка на потребната медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија, Скопје

33. Информација за просторот наменет за „Центар за книга“ или „Он-стоп канцеларија“ врз основа на Меморандум за соработка бр.13-10712/1 од 21.10.2015 година

34. Информација за подготовката на Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020 година, со текст на Предлог-програма

35. Информација за подготовката на Предлог-акцискиот план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015 - 2020, за периодот 2018 - 2020 година, со текст на Акциски план

36. Предлог-одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

37. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги Линди Гуроре ДООЕЛ увоз - извоз с.Стрелци, Кичево на локалитетот „Становец 2“, Општина Кичево

**б) политички систем**

38. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основниот суд Скопје I - Скопје

39. Предлог-одлука за изведување на вежбовна активност „СЕЕСИМ - 2018“ во Република Македонија

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

40. Предлог-закон за изменување на Законот за административни службеници, по скратена постапка, поднесен од пратеникот Агим Шаќири

41. Предлог-закон за амнестија на лицата осомничени, обвинети и осудени за собраниските настани од 27 април 2017 година, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

42. Годишен извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2017 година

43. Барање за давање на автентично толкување на член 128 став (3), а во врска со член 79-а став (1) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), поднесено од пратеникот Панчо Минов

44. Барање за давање автентично толкување на член 25 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2014, 153/2015, 192/2015, 61/2016, 172/2016 и 64/2018), поднесено од пратеникот Бети Рабаџиевска - Наумовска

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

45. Понуда од нотар Зорица Пулејкова од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје, КП бр. 12948 со Имотен лист бр. 4721 за КО Центар 1, Имотен лист бр. 25739 за КО Центар 1 и Имотен лист бр. 40068 за КО Центар 1

46. Понуда од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 4467 за КО Илинден на КП бр. 1170 викано место / улица Село

47. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.94672 за КО Чаир на КП бр.164

48. Понуда од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100852 за КО Бутел на КП бр.3336 дел 2 в.м. „Населба“ Имотен лист бр. 7839 за КО Бутел на КП бр.3303 дел 3 в.м. ,,Населба“ и Имотен лист бр. 100853 за КО Бутел на КП бр.3336 дел 1 в.м. ,,Населба“

49. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) на заложниот должник Друштво за производство, трговија и услуги Бентомак Нова ДООЕЛ увоз - извоз с.Гиновци, доставено под И.бр.815/17

50. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) доставен под И.бр.339/17

51. Известување од извршител Кети Арсова од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став 1, 181 став 1 и 182 став 1 од Законот за извршување) доставено под И.бр. 326/2018

**д) други предлози**

52. Кадровски прашања

53. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

54. Извештај за финансиско работење на ЈП „Студенчица“ - Кичево за трет квартал во 2018 година

55. Тримесечен финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - Скопје за период од 1.7. до 30.9. 2018 година

56. Тримесечен извештај за работењето на ЈП МЖ - Инфраструктура за периодот од 1.7.2018 година до 30.9.2018 година

57. Информација за основање на туристичката развојна зона - Матка во Општина Сарај

58. Информација за постапката за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки

59. Информација за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Изградба на карго аеродром во Штип“

60. Информација за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми во периодот од 1.7.2018 година до 30.9.2018 година

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

61. Предлог-закон за данокот на личен доход, по скратена постапка

62. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, по скратена постапка

63. Предлог-програма за изменување на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година

64. Информација во врска со донесување на Програма за изменување на Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2018 година, со Предлог-програма

65. Информација во врска со реформа на безбедносно - разузнавачкиот систем во Република Македонија со предлог модел и план за негово воспоставување

66. Информација за статус и активности за проектот „Western Balkans Trade and Transport Facilitation Project“ предложен од Светска банка и потребните идни активности за негова имплементација

67. Информација за барањата кои ги исполнуваат критериумите од огласот - јавниот повик за прибирање на апликации за одобрување на кредити за финансиска поддршка на трговски друштва регистрирани во Република Македонија од Посебниот кредитен фонд (ПКФ)

*

*   *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 101-та седница на Владата, одржана на 6.11.2018 година.

*

*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на Регистарот на прописи на Република Македонија за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата ја донесе Одлуката за давање согласност на Одлуката за утврдување на цената на годишната претплата на службеното гласило „Службен весник на Република Македонија“ за 2019 година, во предложениот текст.

**Точка 3**

Владата во врска со Информацијата во врска со Одлуката за усвојување на измената на Финансискиот план на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје за 2018 година, донесен од Одборот на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје бр.02-12107/2 од 18.10.2018 година заклучи:

- Се задолжува АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје до Министерството за финансии и до Владата да достави информација со прецизни податоци за тоа колку работни места во Друштвото се

ослободиле по основ на пензионирање до сега, како и податоци за тоа колку работни места ќе се ослободат по истиот основ до крајот на 2018 година.

Исто така, АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје во информацијата да достави план за подобрување на процентот на правична застапеност на вработените од помалку бројните етнички заедници во институцијата.

**<u>Точка 4</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за изградба на Дом на спортови (најнов текст) и притоа заклучи:

1. Условно го усвои текстот на Информацијата кој предлагачот ќе го достави до Владата усогласен согласно забелешките на Секретаријатот за законодавство изнесени во расправата на седницата на Владата.

2. Се задолжува АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје, во заедничка корелација со Агенцијата за млади и спорт да обезбеди координација и административна поддршка за целосна реализација на предметниот проект и за реализацијата на проектот да ја информира Владата во рок од шест месеци.

**<u>Точка 5</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за отварање на регионална канцеларија на EASA за Балканот во Скопје во просториите на Агенцијата за цивилно воздухопловство и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за цивилно воздухопловство во рок од 10 дена да одржи координативен состанок со Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, во врска со обезбедување на деловен простор согласно наводите во Информацијата.

2. Се задолжува Агенцијата за цивилно воздухопловство да преземе активности за продолжување на разговорите за реализација на Проектот за отварање на регионална канцеларија на EASA за Балканот во Скопје во просториите на Агенцијата, како и по однос на продолжување на преговорите кои ги водела за отварање на испостава на Сингапурска академија за обука на воздухопловни кадри и во рок од 60 дена да ја информира Владата за напредокот во разговорите и заклучокот од точка 1 на оваа информација.

**<u>Точка 6</u>**

Владата ги донесе:

1. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Министерство за труд и социјална политика (бр. 09-4366/1 од 12.10.2018 година).

2. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Министерство за труд и социјална политика (бр. 09-4365/1 од 12.10.2018 година).

3. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Министерство за труд и социјална политика (бр. 09-4364/1 од 12.10.2018 година).

4. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на Министерство за труд и социјална политика (бр. 09-4363/1 од 12.10.2018 година) и

5. Одлуката за давање согласност на Решението за отстапување на одземени предмети со правосилни одлуки на ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас-Битола, во предложените текстови.

## Точка 7

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за воспоставување на национален склад за радиоактивен отпад (најнов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Дирекцијата за радијациона сигурност да формира мултиресорска работна група со претставници од Дирекцијата за радијациона сигурност, Министерството за здравство, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за одбрана, Министерството за внатрешни работи и Министерството за транспорт и врски, за воспоставување на националниот склад за управување со радиоактивен отпад, во рок од три месеци од усвојувањето на оваа информација.

2. Се укажува на ЈЗУ Институт за јавно здравје (оператор на националниот склад) да ја спроведе постапката за адаптација и лиценцирање на складот (изработка на детална студија за проценка на сигурност и за влијание врз животната средина), најдоцна до 31.12.2019 година.

3. Се задолжува Дирекцијата за радијациона сигурност да изработи политика за управување со радиоактивен отпад, која понатаму ќе послужи за изработка на Стратегија за управување со радиоактивен отпад и да ја предложи до Владата за усвојување, најдоцна до јуни 2019 година.

## Точка 8

Владата ја донесе Уредбата за знаците за тревожење, начинот и процедурите за тревожење и постапките на населението, во предложениот текст.

## Точка 9

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од зголемување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за определување на бројот на државните правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за запишување на правото на сопственост на недвижна ствар во корист на Република Македонија во Катастарот на недвижности (ДП.бр.03-205/18), во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го разгледа Предлог- законот за фитофармација (најнов текст), го утврди и заклучи согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство и Благе Цветковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, а за повереници Нефрус Челику, државен секретар во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Ментор Зеќири, директор на Фитосанитарната управа.

**Точка 12**

Владата ја разгледа Информацијата за продажба на недвижна ствар во Прилеп, сопственост на Република Македонија - корисник Министерство за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за продажба на недвижна ствар во Прилеп, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата за спроведување на повеќегодишна јавна набавка за избор на независна ревизорска куќа, за потребите на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 - делница Куманово - Бељаковце“, финансиран по пат на заем од Европската банка за обнова и развој и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде одобрение на Министерството за транспорт и врски за реализирање на постапка за склучување на повеќегодишен договор за јавна набавка за избор на независна ревизорска куќа, за потребите на проектот „Рехабилитација на источниот дел од железничката пруга на Коридор VIII, фаза 1 - делница Куманово - Бељаковце“, финансиран по пат на заем од Европската банка за обнова и развој.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги обезбеди потребните средства за плаќање на презелените обврски, во рамките на максимално утврдените лимити за расходи за 2019 година и 2020 година.

**Точка 14**

Владата ја разгледа Информацијата за потреба од доставување на апликации за обезбедување на техничка помош - грант средства од Акцискиот програм CONNECTA за проектите: „Изработка на стратегија за Интелигентен транспортен систем“ и „Техничка помош за формирање на извршно тело за безбедност во сообраќајот на патиштата“ и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ги достави финалните верзии на апликациите за обезбедување на техничка помош со грант средства за проектот за „Изработка на стратегија за Интелигентен транспортен систем“ и „Техничка помош за формирање на извршно тело за безбедност во сообраќајот на патиштата“ до НИПАК - Национален ИПА Координатор, во рок од три дена од добивањето на позитивно мислење од Министерството за финансии.

2. Се задолжува НИПАК - Национален ИПА координатор да ги достави финалните верзии на апликациите до Генералниот директорат за преговори за соседството и проширување DG NEAR, во рок од три дена од доставувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 15**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за потребата од доставување на апликација за инвестициски грант за изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“ помеѓу Република Македонија и Република Србија и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за транспорт и врски да ја достави предметната Апликација за инвестициски грант за изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“ помеѓу Република Македонија и Република Србија, со Писмото за поддршка од Министерството за финансии до Националниот ИПА координатор (НИПАК), најдоцна до 28.11.2018 година.

2. Се задолжува Националниот ИПА координатор (НИПАК) да ја поднесе Апликацијата за инвестициски грант за изградба на заеднички железнички граничен премин со придружни содржини „Табановце“ помеѓу Република Македонија и Република Србија до Управниот комитет на Инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF), најдоцна до 30.11.2018 година.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со можноста за пропишување на обврската од европскиот стандард МКС EN 16194:2012 кој ги одредува минималните стандарди и барања за квалитет на кабини и санитарни производи согласно членот 20 од Законот за безбедност на производите, по претходно извршена анализа на постојните законски прописи во однос на третирањето и исфрлањето на фекалниот отпад од мобилните тоалетни кабини, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски да изврши пропишување на обврската од европскиот стандард МКС EN 16194:2012 кој ги одредува минималните стандарди и барања за квалитет на кабини и санитарни производи во Законот за комунални дејности, во член 16, со додавање на нов став број 8, во рок од 30 дена.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за одобрување на тендерските документации за доделување на концесии на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовни ревири, рекреативни зони и за вршење стопански риболов на риболовни подрачја, со нови тендерски документации и ја усвои со следните заклучоци:

1. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Злетовска Река“.

2. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Треска 1 - Кичевски “.

3. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црн Дрим 2“.

4. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 1 - Демирхисарски“.

5. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Охридски Слив“.

6. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка“.

7. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Дојранско Езеро“.

8. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“.

9. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро“.

10. Ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Дојранско Езеро“.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Никуштак, Општина Липково, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на стопански комплекс со намена Г2 - лесна и незагадувачка индустрија КО Никуштак, Општина Липково, во предложениот текст.

## Точка 19

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5 - хотелски комплекс КО Сливница, Општина Ресен, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објекти со намена Б5 - хотелски комплекс КО Сливница, Општина Ресен, во предложениот текст.

## Точка 20

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на регионален пат Р2-138 врска со регионален пат Р2-134 со населба Сончев Град, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на регионален пат Р2-138 врска со регионален пат Р2-134 со населба Сончев Град, во предложениот текст.

## Точка 21

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Зубовце, Општина Врапчиште, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план вон населено место за изградба на Г2-лесна и незагадувачка индустрија КО Зубовце, Општина Врапчиште, во предложениот текст.

## Точка 22

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ на река Жаба со реф.бр.254 и приклучок до дистрибутивна мрежа КО Долно Дивјаци, Општина Крушево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на МХЕЦ на река Жаба со реф.бр. 254 и приклучок до дистрибутивна мрежа КО Долно Дивјаци, Општина Крушево, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотоволтаична централа Витач 1 и електричен вод за приклучок КО Бошава, Општина Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на фотоволтаична централа Витач 1 и електричен вод за приклучок КО Бошава, Општина Кавадарци, во предложениот текст.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотонапонска соларна централа КО Раклиш вон гр., Општина Радовиш, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на

Локална урбанистичка планска документација за изградба на фотонапонска соларна централа КО Раклиш вон гр., Општина Радовиш, во предложениот текст.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс со основна класа на намена Г1-тешка индустија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на комплекс со основна класа на намена Г1-тешка индустрија КО Глуво Бразда, Општина Чучер Сандево, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Пакошево, Општина Зелениково, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на објект со намена А4-времено сместување КО Пакошево, Општина Зелениково, во предложениот текст.

**Точка 27**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица КО Виштица - вон г.р., Општина Липково, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Локална урбанистичка планска документација за изградба на бензинска пумпна станица КО Виштица-вон г.р., Општина Липково, во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата го одложи од разгледување Предлог-законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик за наредната седница на Владата, поради потребата истиот да се усогласи со Министерството за финансии (посебно во делот на финансиската полиција).

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за политички систем.

**Точка 29**

Владата го разгледа најновиот текст на Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување на Протокол помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе, со Нацрт-текст на Протокол и го усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати Нацрт-текстот на Протоколот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе, како основа за водење на преговори.

2. Се задолжуваат шефот и членовите на делегацијата на Република Македонија, при водењето на преговорите да се придржуваат кон ставовите наведени во Предлогот за поведување постапка за водење преговори за склучување на Протоколот помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за соработка во областа на борбата против трговија со луѓе.

3. Се овластува шефот на делегацијата на Република Македонија да го парафира текстот на Протоколот, согласно утврдените насоки, доколку се постигне согласност на преговорите.

4. Се задолжува Делегацијата на Република Македонија по завршените преговори во рок од 30 дена на Владата на Република Македонија да поднесе писмен извештај за завршените преговори со усогласениот односно парафираниот текст на Протоколот.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата за извршена анализа на внатрешните процеси, функциите и човечките ресурси за стратешко планирање во министерствата и другите органи на државната управа и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа, согласно нивните специфики, институционалните капацитети и севкупни ресурси да ги преземат неопходните мерки и активности за воспоставување на соодветен организационен облик (сектор, одделение или формирање на постојана работна група) за стратешко планирање, креирање на политиките и следење, имајќи ја предвид Уредбата за начелата за внатрешна организација на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија", бр. 105/2007).

2. Се задолжуваат министерствата и другите органи на државната управа, при утврдувањето на надлежностите на организациониот облик задолжен за стратешко планирање, креирање на политики и следење, да обезбедат усогласеност со барањата на процесите за стратешко планирање, креирање на политики и следење, утврдени со соодветната правна рамка.

3. Се задолжуваат Министерството за финансии, Секретаријатот за европски прашања и Секретаријатот за законодавство, во рок од седум дена, да номинираат по еден претставник како член на Работната група за спроведување на мерката М 1.1.1.2 - Подобрување на процесите и капацитетите за среднорочно, секторско и годишно планирање во министерствата и органите на државната управа од Акцискиот план на Стратегијата за реформа на јавната администрација 2018-2022, формирана во рамките на Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, со цел навремено спроведување на утврдените активности.

## Точка 31

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за материјално обезбедување на невработените лица поради приватизацијата на претпријатијата со доминантна сопственост на државата, по скратена постапка (нов текст), го утврди и заклучи согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени Мила Царовска, министер за труд и социјална политика и Ѓонул Бајрактар, заменик на министерот за труд и социјална политика, а за повереници Јована Тренчевска, државен секретар во Министерството за труд и социјална политика и Мирјанка Алексевска, раководител на сектор во Министерството за труд и социјална политика.

## Точка 32

Владата ја разгледа Информацијата за давање одобрение на Министерството за здравство за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за оформување на хибридна мултифункционална операциона сала со изведување на потребните градежни работи и набавка на потребната медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија, Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Даде одобрение на Министерството за здравство за започнување на постапка за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка за оформување на хибридна мултифункционална операциона сала со изведување на потребните градежни работи и набавка на потребната медицинска опрема за потребите на ЈЗУ Универзитетска клиника за неврохирургија, Скопје во вкупна вредност од 129.000.000,00 денари со вклучен ДДВ, во динамика и износи утврдени од страна на Министерството за финансии и тоа:

- 25.000.000,00 денари во 2019 година,
- 60.000.000,00 денари во 2020 година и
- 44.000.000,00 денари во 2021 година.

2. Се задолжува Министерството за здравство износите потребни за реализација на јавната набавка за оформување на хибридна мултифункционална операциона сала со изведување на потребните градежни работи и набавка на потребната медицинска опрема да ги предвиди во буџетскиот циркулар за наредните години, а Министерството за финансии да ги има во предвид.

3. Се задолжува Министерството за здравство за текот и прогресот на активностите во врска со ова прашање да ја информира Владата на секои шест месеци, се до конечна реализација на набавката.

## Точка 33

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Информацијата за просторот наменет за „Центар за книга“ или „Он-стоп канцеларија“ врз основа на Меморандум за соработка бр.13-10712/1 од 21.10.2015 година, за наредната седница на Владата.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата за подготовката на Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015-2020 година, со текст на Предлог-програма и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за подготовката на Предлог-програмата за изменување и дополнување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015 - 2020 година.

2. Ја усвои Програмата за изменување и дополнување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015 - 2020 година.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа, во рок од 30 дена од денот на усвојување на Програмата, да го достави до Владата текстот на Предлог-методологијата за следење на реализацијата на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015 - 2020 година, ревидирана врз основа на искуствата од нејзината досегашна реализација, како и од реализацијата на Методологијата за следење на реализацијата на Програмата за процесот на децентрализација и развој на локалната самоуправа во Република Македонија 2011 - 2014 година.

## Точка 35

Владата ја разгледа Информацијата за подготовката на Предлог-акцискиот план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015 - 2020, за периодот 2018 - 2020 година, со текст на Акцискиот план, ја усвои Информацијата и го прифати новиот текст на Акцискиот план за спроведување на Програмата за одржлив локален развој и децентрализација во Република Македонија 2015 - 2020, за периодот 2018 - 2020 година.

## Точка 36

Владата ја донесе Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за определување на правото на користење на службен мобилен телефон и за ограничување на износот на сметката, во предложениот текст.

## Точка 37

Владата на предлог на предлагачот го одложи разгледувањето на Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за производство, трговија и услуги Линди Гуроре ДООЕЛ увоз - извоз с.Стрелци, Кичево на локалитетот „Становец 2“, Општина Кичево, за наредната седница на Владата, поради потребата предлагачот да обезбеди ново мислење од Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 38

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Основниот суд Скопје I - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изведување на вежбовна активност „СЕЕСИМ - 2018“ во Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување на Законот за административни службеници, по скратена постапка, поднесен од пратеникот Агим Шаќири и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Македонија, право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Македонија, Владата на Република Македонија и најмалку 10.000 избирачи. Имајќи ја предвид оваа уставна одредба се смета дека предложениот закон за изменување на Законот за административни службеници, по скратена постапка, е поднесен од овластен предлагач.

Во Предлог-законот за изменување на Законот за административни службеници, по скратена постапка, се предлага да се направи измена во алинејата 3 од членот 48 став (5) од Законот за административни службеници. Притоа во истиот е наведено дека алинејата 3 ги става во нерамномерна положба административните службеници, кои повеќе години работат на работно место од исто ниво, односно имаат исто звање, но во тој период, поради потребите на институцијата го менувале работното место, односно организациските единици, иако цело време се оценувани со највисоки оценки, не е водена дисциплинска постапка и ги исполнуваат сите законски услови за да бидат унапредени. Со членот 1 од Предлог-законот се врши допрецизирање, односно дека на интерниот оглас може да се пријават сите административни службеници кои поминале најмалку две години на тековното ниво.

Владата на Република Македонија нема забелешки во однос на Предлог-законот за изменување на Законот за административни службеници, по скратена постапка.

**Точка 41**

Владата го разгледа Предлог-законот за амнестија на лицата осомничени, обвинети и осудени за собраниските настани од 27 април 2017 година, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и дава негативно мислење по Предлог-законот.

**Точка 42**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2017 година и притоа го утврди следното мислење:

Годишниот извештај на Државниот совет за превенција од детско престапништво за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво во 2017 година, содржи информации за состојбата на детското престапништво и Извештај за активностите на сите надлежни институции задолжени за спроведување на Законот за правда за децата, како и индикатори за спроведување на истиот.

Во истиот се содржани согледувања за состојбите во областа на остварување на правата на детето и спроведените превентивни активности кои имаат за цел спречување ран влез во детското престапништво.

Имајќи ја предвид содржината на доставениот материјал, Владата на Република Македонија нема забелешки по истиот, но укажува дека Државниот совет за превенција на детско престапништво и за состојбите во областа на правата на детето и детското престапништво треба динамиката на активностите да ја планира, согласно обезбедените средства во координација со Министерството за правда.

## Точка 43

Владата го разгледа Барањето за давање на автентично толкување на член 128 став (3), а во врска со член 79-а став (1) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), поднесено од пратеникот Панчо Минов и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 128 од Законот за основното образование:

„(1) Орган на раководење во основното училиште е директорот.

(2) Директорот е одговорен за законитоста во работата и за материјално-финансиското работење на училиштето.

(3) За директор на основно училиште може да се избира лице кое има најмалку високо образование и кое ги исполнува условите за наставник или стручен соработник во основно училиште и ако има најмалку пет години работно искуство во воспитно-образовната работа, положен испит за директор, во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност, да има соодветен сертификат, не постар од пет години, за познавање на англискиот јазик ТОЕФЕЛ ИБТ (TOEFL IBT) - најмалку 30 бода, ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 3 бода, БУЛАТС (BULATS) - најмалку 20 бода или КЕТ (KET) (Cambridge English) - положен, или АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

(4) По исклучок, доколку нема пријавено кандидат со положен испит за директор, за директор може да биде избрано и лице кое не положило испит за директор, но е должно истиот да го положи во рок од една година од денот на изборот за директор.

(5) Ако избраниот директор не го положи испитот за директор во рокот утврден во ставот (4) на овој член, му престанува мандатот на директор.

(6) Мандатот на директорот трае четири години, со можност за уште еден последователен мандат во истото училиште.

(7) На наставник или стручен соработник кој е избран за директор на основно училиште му мирува работниот однос за време на вршење на функцијата директор на основно училиште и има право во рок од 15 дена по престанувањето на функцијата што ја вршел, да се врати на работа во училиштето, односно установата каде работел пред да биде избран за

директор за вршење на работи кои одговараат на неговиот вид и степен на стручна подготовка.

(8) Ако наставникот или стручниот соработник од став (7) на овој член не може да се врати во училиштето каде работел пред да биде избран за директор, наставникот или стручниот соработник се распоредува и заснова работен однос на неопределено работно време на соодветно работно место за вршење работи кои одговараат на неговиот вид и стручна подготовка, во друго училиште на подрачјето на општината, односно општините во Градот Скопје.".

Согласно член 79-а од Законот за основното образование:

„(1) Лице кое се стекнало со високо образование на ненаставна група на наставнички студии, односно на студии кои немаат наставна насока, може да се вработи во основно училиште, освен во одделенска настава, само доколку се стекне со педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи.

(2) Педагошко-психолошка и методска подготовка се стекнува преку следење на настава и полагање на испити, како и изведување на најмалку 45 дена практична настава во основно училиште.

(3) За практичната настава од ставот (2) на овој член десет дена пред започнување со практичната настава, лицето до Државниот просветен инспекторат доставува план и распоред за реализација на практична настава, заверен од високообразовната установа на кој се врши педагошко-психолошка и методска подготовка и училиштето во кое ќе се изведува практичната настава.

(4) За реализираната практична настава од ставот (2) на овој член, лицето добива мислење од менторот во училиштето во кое ќе се изведува практичната настава. Директорот на училиштето го определува менторот.

(5) Државниот просветен инспекторат врши контрола на спроведувањето и реализацијата на планот и распоредот од ставот (3) на овој член.

(6) За положеноста на испитите од ставот (2) на овој член кандидатот се стекнува со 30 кредити според ЕКТС.

(7) Акредитација на високообразовните установи кои ќе вршат настава и полагање на испити за стекнување на педагошко-психолошка и методска подготовка врши Министерството.

(8) Начинот на следењето на наставата, полагањето на испитите за педагошко - психолошка и методска подготовка, како и начинот на акредитација на високообразовните установи од ставот (7) на овој член ја пропишува министерот.

(9) Висината на трошоците за стекнување на педагошко-психолошката и методската подготовка на акредитираните високообразовни установи ја утврдува министерот врз основа на реалните трошоци за стекнување на педагошко-психолошката и методската подготовка."

Согласно член 128 од Законот за основното образование, а тргнувајќи од посебното уставно значење и карактер на воспитно-образовната дејност, постои уставна можност со посебен закон да се пропишат условите под кои може да се изведува воспитно-образовната дејност во основното училиште, а во тие рамки да се утврдат и одредени критериуми кои треба да ги исполнува лицето за директор на основно училиште. Притоа, право е на законодавецот да ги утврди посебните критериуми за избор на директор на основно училиште, по пат на јавен оглас и под еднакви услови, со исполнување на општите и посебните услови предвидени за работното место директор на основно училиште, како и времетраењето на мандатот.

Одредбата од ставот (3) на членот 128 од Законот за основното образование, меѓу останатите услови, определува дека за директор на основно училиште може да се избира лице кое има најмалку високо образование и кое ги исполнува условите за наставник или стручен соработник во основно училиште. Ставот (1) на членот 79-а уредува дека и лицето кое се стекнало со високо образование на ненаставна група на наставнички студии, односно на студии кои немаат наставна насока, може да се вработи во основно училиште, освен во одделенска настава, само доколку се стекне со педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирани високообразовни установи. Согласно ставовите (2) и (3) на членот 77 од Законот за високото образование регулирано е дека наставниците, стручните соработници и воспитувачите во основното училиште имаат соодветно високо образование. Видот на стручната подготовка на лицата кои остваруваат воспитно-образовна работа во основното училиште се уредува со норматив за наставен кадар на основното училиште, што го утврдува министерот за образование и наука.

Имајќи предвид дека одредбите од член 128 став (3) и член 79-а став (1) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18) се прецизни и јасни, Владата на Република Македонија му предлага на Собранието на Република Македонија да не даде автентично толкување на член 128 став (3), а во врска со член 79-а став (1) од Законот за основното образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18), поднесено од пратеникот Панчо Минов.

## Точка 44

Владата го разгледа Барањето за давање автентично толкување на член 25 став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија“ бр. 55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2014, 153/2015, 192/2015, 61/2016, 172/2016 и 64/2018), поднесено од пратеникот Бети Рабаџиевска - Наумовска и притоа го утврди следното мислење:

Во членот 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија е пропишано дека „Барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата, Уставниот суд на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, градоначалниците на општините и на градот Скопје и советите на општините и на градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење.“. Во член 176 од наведениот Деловник е утврдено дека барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на

Собранието и содржи назив на законот, одредбите на кои се бара толкување и причините за тоа. Барањето за давање на автентично толкување на закон, претседателот на Собранието го упатува до Законодавно-правната комисија и до Владата. По барањето за давање на автентично толкување на закон, Законодавно-правната комисија може да бара мислење од матичното работно тело на Собранието. Законодавно-правната комисија, откако ќе прибави мислења од Владата и од матичното работно тело, оценува дали барањето за давање на автентично толкување е оправдано. Ако Законодавно-правната комисија оцени дека барањето за давање на автентично толкување е оправдано, изготвува предлог на автентично толкување и го доставува до Собранието. По предлогот за автентично толкување на закон и евентуално по поднесени амандмани, Собранието расправа и одлучува на иста седница. Предлогот на автентичното толкување се усвојува со истото мнозинство со кое се донесува законот на кој се дава автентичното толкување. Автентичното толкување се објавува во „Службен весник на Република Македонија". Ако Законодавно-правната комисија оцени дека барањето за давање на автентично толкување не е оправдано, ќе поднесе извештај на Собранието, кое одлучува по барањето. За одлуката на Собранието се известува подносителот на барањето.

Подносителот на Барањето за автентично толкување бара да се појасни дали лице со стекната лиценца за вештачење од областа на геодезија и вработен во Агенцијата за катастар на недвижности смее да врши вештачење по барање на правни и физички лица, бидејќи истото се наоѓа на листата во Регистарот за вештаци од областа на геодезијата. Имено, подносителот наведува „дали дејноста вештак би претставувала конфликт на интереси кога вработен во Агенцијата за катастар на недвижности ја врши истата по наредба на правни и физички лица и би претставувало спротивно постапување по член 25, ставот 1 од Законот за катастар на недвижности.".

Во член 25, став 1 од Законот за катастар на недвижности е пропишано дека „Вработениот во Агенцијата не смее да врши никаква друга функција, должност или дејност поврзана со остварување на профит која е во судир со извршувањето на неговите работни обврски.".

Владата на Република Македонија смета дека член 25, став 1 од Законот за катастар на недвижности („Службен весник на Република Македонија" бр. 55/2013, 41/2014, 115/2014, 116/2014, 153/2015, 192/2015, 61/2016, 172/2016 и 64/2018), е јасен, прецизен и недвосмислен, поради што нема потреба од давање автентично толкување по однос оваа одредба.

**Точка 45**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зорица Пулејкова од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје, КП бр. 12948 со Имотен лист бр. 4721 за КО Центар 1, Имотен лист бр. 25739 за КО Центар 1 и Имотен лист бр. 40068 за КО Центар 1 и по Понудата го прифати Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 46**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр. 4467 за КО Илинден на КП бр. 1170 викано место / улица Село и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 47

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.94672 за КО Чаир на КП бр.164 и по Понудата го усвои негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 48

Владата ја разгледа Понудата од нотар Фатмир Ајрули од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.100852 за КО Бутел на КП бр.3336 дел 2 в.м. „Населба“ Имотен лист бр. 7839 за КО Бутел на КП бр.3303 дел 3 в.м. ,,Населба“ и Имотен лист бр. 100853 за КО Бутел на КП бр.3336 дел 1 в.м. ,,Населба“ и по Понудата го прифати Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

## Точка 49

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) на заложниот должник Друштво за производство, трговија и услуги Бентомак Нова ДООЕЛ увоз - извоз с.Гиновци, доставено под И.бр.815/17 и по Известувањето го усвои Мислењето на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

## Точка 50

Владата го разгледа Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје за Налог за извршување врз недвижност (врз основа на член 166 од Законот за извршување) доставен под И.бр.339/17 и по Известувањето ги усвои Мислењето на Министерството за транспорт и врски и Известувањето на Управата за заштита на културното наследство.

## Точка 51

Владата го разгледа Известувањето од извршител Кети Арсова од Скопје за Заклучок за усна јавна продажба (врз основа на членовите 179 став 1, 181 став 1 и 182 став 1 од Законот за извршување) доставено под И.бр. 326/2018 и по Известувањето го усвои негативното Мислење на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката - Скопје.

## Точка 52

1. Владата го разреши Љубиша Каранфиловски од должноста вршител на должноста член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

1.1. Владата го именува Ангел Панев за член на Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

2. Владата на Арифат Муареми, директор на Управата за финансиска полиција му утврди зголемување за 30% на платата утврдена за извршување на функцијата, сметано од 20 ноември 2018 година.

3. Владата на Берат Дехари, заменик на директорот на Управата за финансиска полиција му утврди зголемување за 30% на платата утврдена за извршување на функцијата, сметано од 20 ноември 2018 година.

4. Владата ја разреши Саветка Димовска од должноста член на Одборот за обезбедување, следење и оценување на квалитетот на работите на медијацијата од Адвокатската комора на Република Македонија.

5. Владата ја разреши Катерина Ташкова од должноста член на Управниот одбор-претставник на основачот на Државниот студентски Дом „Пелагонија“ - Скопје, на нејзино барање.

6. Владата го именува Боби Црничиќ за член на Управниот одбор-претставник на основачот на ЈУ Завод за социјални дејности - Скопје.

7. Владата го разреши Борче Ацовски од должноста член на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат” - Скопје.

7.1. Владата ја именува Гордана Стојановска за член на Управниот одбор на ЈП за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта „Македонијапат” - Скопје.

8. Владата донесе Одлука за поништување на одлуките за распишување огласи за именување државни правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачјата Скопје и Куманово бр. 24-4139/1 од 25.7.2017 година и бр.24-5598/1 од 29.5.2018 година.

9. Владата донесе Одлука за распишување Оглас за именување државни правобранители во Државното правобранителство на Република Македонија за подрачјето на Скопје и Куманово.

## <u>Точка 53</u>

**1.** Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во предложениот текст.

**2.** Владата во врска со Известувањето бр. 1025-2386/1 од 16.11.2018 на Агенцијата за катастар на недвижности со кое известува дека располага со вишок на 13 патнички моторни возила што се во сопственост на Агенцијата, го донесе следниот заклучок:

- Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности на Државниот пазарен инспекторат да отстапи во сопственост без надоместок 10 патнички моторни возила, а на Државната изборна комисија да отстапи во сопственост без надоместок 3 патнички моторни возила.

**3.** Владата во врска со состојбата во Македонски железници Транспорт АД - Скопје, ги донесе следниве заклучоци:

1. Се задолжува Македонски железници Транспорт АД - Скопје, да достави барања за позајмица во износ од 20.000.000,00 денари до АД ЕЛЕМ - Скопје и 11.500.000,00 денари до АД МЕПСО - Скопје.

2. Се укажува на АД ЕЛЕМ - Скопје и АД МЕПСО - Скопје, да ги преземат сите потребни активности на нивните органи на управување по однос на донесување одлука за можноста за давање на позајмица на Македонски железници Транспорт АД - Скопје и аналогно на тоа до наредната седница на Владата да доставаат предлог-одлуки за одобрување на нивното работење.

**4.** Владата ги донесе следните заклучоци:

1) Се задолжуваат Министерството за образование и наука и Министерството за одбрана до Владата да предложат соодветна локација за изградба на универзитетски комплекс за потребите на Универзитетот „Мајка Тереза“ - Скопје, согласно Извадокот од Нацрт - записникот од Седумдесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 18.6.2018 година (Точка 2).

2) Се задолжуваат Министерството за образование и наука, Бирото за јавни набавки и Државното правобранителство на Република Македонија, во соработка со Универзитетот „Мајка Тереза“ - Скопје, да ја разгледаат можноста да се примени Главниот проект за изработка на Основен проект за универзитетскиот објект, партерно и ентериерно уредување и ревизија, на новата локација на КП 1568/2, КО Чаир, а доколку не се изнајде соодветно решение, да се пристапи кон решавање на облигационите односи кои произлегуваат од договорот за изработка на Основен проект за Универзитетскиот објект, партерно и ентериерно уредување и ревизија.“

**5.** Владата се информираше за текот и прогресот на активностите во врска со изградбата на водоводна мрежа за делот од Индустриска зона Визбегово, Општина Бутел.

**6.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за период од 12.11.2018 година до 18.11.2018 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**7.** Владата по Известувањето од Министерството за правда бр.23-5072/7 од 20.11.2018 година, го усвои следниов заклучок:

- Се задолжува Министерството за правда во рок од пет дена подготвениот текст на Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за судовите, преку Министерството за надворешни работи да го достави до Венецијанската комисија.

## Точка 54

Владата го разгледа Извештајот за финансиско работење на ЈП „Студенчица“ - Кичево за трет квартал во 2018 година, како материјал за информирање.

## Точка 55

Владата го разгледа Тримесечниот финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - Скопје за период од 1.7. до 30.9. 2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 56**

Владата го разгледа Тримесечниот извештај за работењето на ЈП МЖ - Инфраструктура за периодот од 1.7.2018 година до 30.9.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 57**

Владата ја разгледа Информацијата за основање на туристичката развојна зона - Матка во Општина Сарај, како материјал за информирање.

Истовремено, Владата го задолжи Министерството за економија во рок од седум дена да организира состанок со Министерството за транспорт и врски, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Општината Сарај и Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот на Република Македонија, со цел да се интензивира постапката за основање на туристичката развојна зона - Езеро Треска во Општина Сарај.

**Точка 58**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за постапката за пристапување кон Спогодбата на Светската трговска организација за јавни набавки, како материјал за информирање.

**Точка 59**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите за реализација на проектот „Изградба на карго аеродром во Штип“, како материјал за информирање.

**Точка 60**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Министерството за внатрешни работи за спречување на бесправната сеча на шуми во периодот од 1.7.2018 година до 30.9.2018 година, како материјал за информирање.

**Точка 61**

Владата го разгледа Предлог-законот за данокот на личен доход, по скратена постапка, го утврди и заклучи текстот на Предлог-законот Министерството за финансии редакциски да го усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Пречистениот текст на Предлог-законот за данокот на личен доход, по скратена постапка да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Стојмировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за финансии, во соработка со надлежните министерства да ги детектира материјалните закони во кои е уреден персоналниот данок

на доход, со цел истите да се усогласат со новиот Закон за данокот на личен доход и во пакет да се достават на утврдување до Владата до крајот на 2018 година, имајќи предвид дека примената на Законот за данокот на личен доход ќе биде од 1 јануари 2019 година.

## Точка 62

Владата го разгледа Предлог-законот за изменување и дополнување на Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување, по скратена постапка и го утврди со заклучок текстот на Законот редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

Усогласениот текст на Предлог-законот согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширет Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Сузана Стојмировска, раководител на сектор во Министерството за финансии.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за економија да подготви соодветно изменување на Законот за трговија на зелени пазари во поглед на бришење на членот 47 од истиот, со оглед на тоа што во наведениот член е утврдено дека за трговците на зелени пазари согласно со одредбите на овој закон како обврзници за пресметка и уплата на придонеси ќе се применуваат одредбите од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување кои се однесуваат на индивидуални земјоделци.

## Точка 63

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018 година со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 64

Владата ја разгледа Информацијата во врска со донесување на Програма за изменување на Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2018 година, со Предлог-програма, ја усвои Информацијата и ја донесе Програмата за изменување и дополнување на Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2018 година, со заклучок Министерството за економија да изврши редакциско усогласување на текстот на Програмата со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 65

Владата ја разгледа Информацијата во врска со реформа на безбедносно - разузнавачкиот систем во Република Македонија со предлог модел и план за негово воспоставување и ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со реформа на безбедносно - разузнавачкиот систем во Република Македонија со предлог модел и план за негово воспоставување.

2. Го разгледа и го прифати Извештајот со предлог модел за реформа на безбедносно - разузнавачкиот систем во Република Македонија и план за негово воспоставување.

3. Го усвои предлог моделот за реформа на безбедносно - разузнавачкиот систем во Република Македонија со планот за негово воспоставување.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи во соработка со надлежните органи на државната управа и други институции да ги координира сите активности кои произлегуваат од реформата на безбедносно - разузнавачкиот систем во Република Македонија.

## Точка 66

Владата ја разгледа Информацијата за статус и активности за проектот „Western Balkans Trade and Transport Facilitation Project“ предложен од Светска Банка и потребните идни активности за негова имплементација (најнов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Царинската управа во рок од осум дена од усвојувањето на оваа информација, до Работната група за координирање на активностите и следење на имплементација на мерките во рамки на проектот „Western Balkans Trade and Transport Facilitation Project“, да достави детални спецификации за надградените модули од EXIM и CDEPS и хардверските потреби за Компонента 1, како и подобро рафинирани проценети трошоци и детални спецификации за потребите за подобрување на граничниот премин Деве Баир, со консолидирана листа на различните потреби на инфраструктурата, објектите и опремата, како и порафинирани проценети трошоци.

2. Се задолжува Министерството за финансии, во соработка со Министерството за транспорт и врски, да започне преговори со Светска банка за обезбедување на заем во износ од 30 милиони американски долари за финансирање на проектот „Western Balkans Trade and Transport Facilitation Project“.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, по склучувањето на договорот за заем, да ја формира единицата за имплементација на проектот „Western Balkans Trade and Transport Facilitation Project“.

## Точка 67

Владата ја разгледа Информацијата за барањата кои ги исполнуваат критериумите од огласот - јавниот повик за прибирање на апликации за одобрување на кредити за финансиска поддршка на трговски друштва регистрирани во Република Македонија од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) и ја усвои со следниот заклучок:

- Се укажува на Македонска банка за поддршка на развојот АД Скопје да склучи договор за кредит со Друштвото за производство, трговија и услуги Југохром алзар ДООЕЛ увоз - извоз Јегуновце од кредитната линија од Посебниот кредитен фонд (ПКФ) на износ од 92.242.500 денари со рок на отплата од пет години со вклучен грејс период од една година и со намена изградба на производствени капацитети кои вклучуваат изградба или инвестирање во нови или реконструкција, адаптација и надградба на постојните објекти како и купување на нови производствени хали со придружна инфраструктура и опрема, а кои се тесно поврзани со производството (изградба на филтерска постројка).

*
* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 14:55 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**Зоран Заев**